Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „ФРАЗЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА” (PHRASEOLOGICAL RESEARCH)ОД ПРОФ. Д-Р ДРАГАНА КУЗМАНОВСКА ВО КОАВТОРСТВО СО: ПРОФ. Д-Р ДАРИНКА МАРОЛОВА, ПРОФ. Д-Р АНА ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, ПРОФ. Д-Р ВЕСНА КОЦЕВА И ВИШ ЛЕКТОР М-Р БИЉАНА ИВАНОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-176/14 од 336 редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет одржана на ден 07.10.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. Проф. д-р Билјана Ивановска, редовен професор на Филолошкиот факултет , Универзитет „Гоце Делчев“, Штип,
2. Проф. д-р Нина Даскаловска, редовен професор на Филолошкиот факултет , Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ФРАЗЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА” (PHRASEOLOGICAL RESEARCH)** од проф. д-р Драгана Кузмановска, во коавторство со проф. д-р Даринка Маролова,проф. д-р Ана Витанова-Рингачева, проф. д-р Весна Коцева и виш лектор м-р Биљана Иванова, наменет за студентите од прв и втор циклус на студии при Филолошкиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „Фразеолошки истражувања” припаѓа во научната област хуманистички науки (6); јазици и книжевност (6.02) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

1. Општи податоци за ракописот

Ракописот **„Фразеолошки истражувања“ (Phraseological Research)** претставува научна публикација посветена на проучувањето на фразеологијата како значаен дел од јазичниот систем и како поле во кое се преплетуваат јазичните, книжевните, културолошките и комуникациските аспекти. Во фокусот на истражувачкиот интерес се фразеологизмите како јазични единици што го одразуваат колективното искуство, културната меморија и специфичните начини на концептуализација на светот во различни јазични и културни средини. Особено значајна е поврзаноста на фразеолошките истражувања со наставата по мајчин и странски јазик, како и можностите за развивање јазична, комуникативна и интеркултурна компетенција преку препознавање, разбирање и правилна употреба на фразеолошките единици. Во ракописот се опфатени истражувачки перспективи поврзани со македонскиот, германскиот, англискиот и италијанскиот јазик. Ваквиот повеќејазичен пристап овозможува согледување на сличностите и разликите во фразеолошките системи и ги отвора можностите за нивна примена

во јазичната настава, преведувањето и интеркултурната комуникација. Со оглед на научниот карактер на публикацијата, нејзината содржина и тематската насоченост, ракописот е релевантен за истражувачите од областа на лингвистиката, особено на фразеологијата, семантиката, лексикологијата и применетата лингвистика, како и за наставниците и студентите по јазични студиски програми.

2. Податоци за обемот на ракопис от

Научната книга **„Фразеолошки истражувања“ (Phraseological Research)** произлегува од истражувачката работа реализирана во рамките на проектот „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик“ (2023-2025), на тим истражувачи од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав: Драгана Кузмановска, Весна Коцева, Ана Витанова-Рингачева, Снежана Кирова, Билјана Иванова, Даринка Маролова, Лидија Камчева-Панова, Игор Станојоски, Марица Тасевска, Драган Донев, Татјана Уланска, Марија Магдинчева-Шопова и Анета Стојановска-Стефанова. Книгата претставува резултат на колективен научноистражувачки ангажман насочен кон проучување на фразеологизмите од јазичен, книжевен, културолошки и дидактички аспект, со посебно внимание на нивната примена во наставата по македонскиот и по странските јазици.

Ракописот „Фразеолошки истражувања“ е подготвен во обем од 185 страници, со 18 прилози, во формат Б5. Во однос на обемот и содржинската разновидност, ракописот се издвојува со својата комплексна структура, која покрај 18 научноистражувачки прилози, 10 работилници реализирани со студенти и средношколци, како и фотографии што ја документираат нивната реализација. Ваквата концепциска поставеност сведочи за широчината на истражувачкиот пристап и за настојувањето теориските сознанија да се поврзат со непосредната наставна практика. Оттука, вредноста на книгата не се исцрпува само во научната анализа на фразеолошките единици, туку се согледува и во нејзината практична, едукативна и методичка димензија, со што таа претставува значаен придонес кон унапредувањето на наставата по мајчин и по странски јазици.

3. Податоци за постоење сличен или ист наслов и потребата од објавување на ракопис от

Фразеологијата претставува значајна област на современите лингвистички истражувања, особено поради нејзината поврзаност со лексичкото значење, културните модели, јазичната слика на светот и комуникациските практики. Проучувањето на фразеологизмите во повеќе јазици дополнително ја нагласува потребата од компаративен пристап и од истражувања што ги поврзуваат теоретските сознанија со нивната практична примена. Специфичноста на ракописот се согледува во интердисциплинарниот пристап кон фразеологизмите, кои се разгледуваат не само како јазични единици туку и како носители на книжевни и културолошки значења, со посебен акцент на нивната примена во наставата по македонскиот и по странските јазици. Ваквата поставеност овозможува поврзување на теоретските сознанија од фразеологијата со наставната практика и со развивањето на фразеолошките и

интеркултурните компетенции кај студентите, особено кај идните наставници по јазици. Постоењето на претходни научни трудови од сродната област не ја намалува оригиналноста на ракописот, туку ја потврдува актуелноста на предметот на истражување и континуитетот на научниот интерес за фразеологијата. Врз основа на наведеното, сметаме дека ракописот има препознатлива научна и апликативна вредност, а неговиот придонес се состои во интегративното поврзување на јазичните, книжевните, културолошките и дидактичките аспекти на фразеолошките единици. Врз основа на тематската насоченост и интердисциплинарниот пристап, ракописот има потенцијал да придонесе кон продлабочување на научниот интерес за фразеологијата и кон нејзино поцелосно согледување во контекст на современите јазични и образовни истражувања.

4. Краток опис на содржината на ракописот

Содржината на ракописот е насочена кон повеќеслојно проучување на фразеолошките единици, нивните јазични особености и нивното значење во книжевен, културен, комуникациски и наставен контекст. Во теориското пристап кон фразеологизмите се издвојуваат нивните основни карактеристики: повеќезначноста, идиоматичноста, стабилноста и репродуктивноста. Овие својства се значајни за утврдување на статусот на фразеолошките единици во јазичниот систем и за нивно разграничување од слободните зборовни состави. Посебно внимание се посветува на односот меѓу јазикот и културата, при што фразеологизмите се разгледуваат како јазични траги на колективната меморија, традицијата и културното искуство. Нивната семантика не се исцрпува во буквалното значење на составните елементи, туку подразбира и преносни значења, културни асоцијации и специфични модели на разбирање на светот. Компаративната перспектива ги опфаќа македонскиот, германскиот, англискиот и италијанскиот јазик. Преку ваквиот пристап се отвора можност за согледување на семантичките и структурните совпаѓања и разлики, како и за утврдување на особеностите што произлегуваат од различните јазични и културни контексти. Значајно место зазема и применетата димензија на фразеолошките истражувања, особено нивната улога во наставата по мајчин и странски јазик. Фразеологизмите се согледуваат како ресурс за збогатување на лексичкиот фонд, развивање на комуникациските вештини, толкување на контекстуалното значење и унапредување на интеркултурната компетенција. Во таа смисла, нивното вклучување во наставата овозможува јазикот да се изучува не само како систем на граматички и лексички правила туку и како средство за изразување културни искуства и значења. Дополнителна практична димензија се препознава во активностите поврзани со работилници со студенти, преку кои теоретските сознанија за фразеологизмите се поврзуваат со нивното препознавање, толкување и употреба во конкретни комуникациски ситуации.

Во однос на содржината и обемот, книгата „Фразеолошки истражувања“ претставува тематски разновидно и интердисциплинарно научно дело, составено од 18 научноистражувачки трудови, распоредени во три тематски целини: „Јазик“, „Културологија“ и „Методика“. Ваквата структурна поставеност овозможува фразеологијата да се разгледува од повеќе научни перспективи, почнувајќи од нејзините семантички, лексички и компаративни

аспекти, преку културолошките димензии, до можностите за нејзина примена во современата настава по странски јазици.

Првата тематска целина, **„Јазик“**, опфаќа девет научноистражувачки трудови: *„Конотативно значење на црната боја кај фразеологизмите во германскиот јазик“*, *„Пежоративни и опсцени изрази у дијалозима и монолозима у књижевности и њихови преводи (немачки-македонски, македонски-немачки)“*, *„Zoonym Phraseological Units as Hate Speech in Youth Vocabulary“*, *„Идиомите во говорите на германските политичари и нивна преводливост на македонски јазик“*, *„Фразеологизми со компонентата ‘глава’ во германскиот и во македонскиот јазик и можни меѓусебни еквивалентни релации“*, *„I rapporti familiari nei proverbi: potenzialità interculturale ed implicazioni glottodidattiche“*, *„Biblical Phraseology in German, English, and Macedonian: A Comparative Linguistic and Cultural Analysis“*, *„The Connotative Meaning of the Colour Black in German, English and Macedonian Idiomatic Expressions“* и *„Lexeme ‘Soul’ as a Component in Phraseologisms in Macedonian, German and English Language Corpora“*. Тематскиот опфат на ова поглавје укажува на разновидноста на истражувачките интереси, при што во фокусот се семантичките и конотативните значења на фразеолошките единици, нивните меѓујазични еквиваленти, преводливоста, употребата во различни дискурси и нивната поврзаност со културните претстави и вредности. Посебно внимание привлекуваат компаративните истражувања на германскиот, македонскиот и англискиот јазик, како и вклучувањето на италијанскиот јазик во проучувањето на пословиците и нивниот интеркултурен потенцијал.

Втората тематска целина, **„Културологија“**, содржи три труда: *„Intercultural Translation – Achieving Dynamic Equivalence in Translating Specific Terms of Material and Spiritual Culture“*, *„Using Mythological Idiomatic Expressions in a Foreign Language Classroom – Bridging the Past and the Present“* и *„Cultural Influences on Macedonian Students’ Creative Writing in German: Challenges, Opportunities and Interventions“*. Во ова поглавје се нагласува нераскинливата поврзаност меѓу јазикот и културата, при што фразеолошките единици се согледуваат како носители на културни значења, колективни претстави и традициски искуства. Истражувањата се насочени кон предизвиците на интеркултурното преведување, значењето на митолошките изрази во наставата по странски јазици и влијанието на културните фактори врз креативното пишување на македонските студенти на германски јазик. На тој начин, оваа целина ја проширува перспективата на фразеолошките истражувања, поврзувајќи ги лингвистичките сознанија со културолошките и образовните процеси.

Третата тематска целина, **„Методика“**, опфаќа шест научноистражувачки труда: *„Integrative versus Instrumental Motivation among Foreign Language Online Learners“*, *„Comparative Consideration of Teachers’ Attitudes towards the Introduction of Self-Evaluation in Foreign Language Teaching in Different States“*, *„Speaking and Writing Skills Affecting the Acquisition of Foreign Languages“*, *„‘Flipped Classroom’ – The Future of Modern Teaching“*, *„Finding a Suitable Method for Teaching Phraseological Units“* и *„The Use of AI, ChatGPT – The Student Learning Model“*. Трудовите во ова поглавје обработуваат актуелни прашања од методиката на наставата по странски јазици, вклучувајќи ги мотивацијата за учење, ставовите на наставниците кон самовреднувањето, развојот на продуктивните јазични

вештини, примената на моделот на превртена училница, изборот на соодветни методи за усвојување на фразеолошките единици и можностите за користење на вештачката интелигенција во учењето. Со тоа, оваа целина ја истакнува практичната и педагошката димензија на истражувањата и ја нагласува потребата од примена на современи пристапи во наставниот процес.

Врз основа на тематската структура и содржинскиот опфат, може да се констатира дека книгата „Фразеолошки истражувања“ нуди повеќедимензионален пристап кон проучувањето на фразеологијата, обединувајќи јазични, културолошки и методичко-дидактички истражувања. Застапеноста на трудови со различни истражувачки насоки, повеќејазичниот пристап и обработката на актуелни научни и образовни прашања ја потврдуваат содржинската разновидност на делото. Истовремено, распределбата на трудовите во трите тематски целини овозможува прегледно согледување на фразеологијата како комплексна појава, чие значење ги надминува рамките на јазичниот систем и се поврзува со културниот идентитет, комуникацијата и современите образовни практики.

ЗАКЛУЧОК

Ракописот **„Фразеолошки истражувања“ (Phraseological Research)** обработува значајни прашања од областа на фразеологијата, со акцент на јазичните, семантичките, културолошките и комуникациските димензии на фразеолошките единици. Неговата тематска насоченост овозможува поврзување на теоретските лингвистички сознанија со практичните потреби на јазичната настава и со современите пристапи кон развивањето на интеркултурната компетенција. Повеќејазичниот пристап, застапеноста на македонскиот, германскиот, англискиот и италијанскиот јазик, како и поврзувањето на фразеологијата со културното искуство и наставната практика, претставуваат значајни аспекти на ракописот. Неговата содржина е релевантна за научната и стручната јавност од областа на јазичните истражувања, а може да биде корисна и за наставниците, студентите и истражувачите заинтересирани за фразеологијата и за нејзината примена во образовниот процес.

Врз основа на извршениот увид во ракописот, по проверка на неговата целосна содржина, научната заснованост, методолошката доследност, библиографската поткрепеност и оригиналноста на придонесот, Рецензентската комисија ја утврди конечната оценка за исполнувањето на критериумите за објавување и му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати ракописот за објавување како научна книга.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Билјана Ивановска, редовен професор
на Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Проф. д-р Нина Даскаловска, редовен професор
на Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип